Кофинансирано од
Ерасмус+ Програмата
на Европската Унија

#sport4everyone

**09.03.2018 година**

**До**
-Спортски сојузи на лица со инвалидност
-Национални инвалидски организации
-Национални спортски федерации
-Граѓански здруженија

# ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО НА ТРКАЛЕЗНА МАСА 1

Почитувани,

Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Маедонија – Македонски параолимписки комитет има чест и задоволство да Ве покани со свои претставници да присуствувате на тркалезна маса на тема:

**„Идентификување на проблемите со кои се соочуваат младите лица со инвалидност во вклучување во процесот на телесна вежба и спорт, како предуслов за здрав живот и предлог решенија како истите да се надминат“.**

Учесниците на тркалезната маса во заедничка дискусија ќе дадат одговор на следните прашања:

1. Кои се трите најголеми проблеми со кои се соочуваат лицата со инвалидност кога сакаат да се вклучат во спортување и преку спортот и телесната вежба да се интегрираат во општеството?
2. Како да се подобри телесната активност и интеграција во општеството на лицата со инвалидност на локално, национално и меѓународно ниво?

**ЛОКАЦИЈА**: Хотел КОНТИНЕНТАЛ, Скопје

**ВРЕМЕ**: 16.03.2018 година (петок) од 11.00 до 13.00 часот.

**УЧЕСНИЦИ**: претставници на спортски организации на лица со инвалидност, претставници на национални инвалидски организации на Македонија, претставници на национални спортски федерации, други невладини организации и здруженија. Повикот е отворен и објавен на нашата веб и фејсбук страна и сите заинтересирани се добредојдени.

Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет од 01.01.2017 година започна со спроведување на проектот ***Change Your Mindset-Sport4Everyone*** кој се спроведува во рамките на ***Ерасмус +*** спортската програма.

Кофинансирано од
Ерасмус+ Програмата
на Европската Унија

#sport4everyone

**Целта на проектот е промоција и подигање на нивото на јавната свест за важноста на спортот и телесната вежба, и интеграција во општеството на младите лица со инвалидност (на возраст од 15-29 години) во рекреативни спортски активности.**

Телесната вежба како неизоставен дел од спортот има многу позитивни влијаниа врз поединецот (лицето со инвалидност) и општеството во целина. Телесната вежба не само што го подобрува телесното и ментално здравје и превентивно делува и спречува многу незаразни болести, туку и дава можност на индивидуата за интеграција во општеството. Преку телесната вежба и спортот младите лица со инвалидност може да го покажат својот талент, да го развиваат и да им се спротивставаат на вообичаените стереотипи со кои секојдневно се соочени.

Носител на проектот е Загребачкиот спортски сојуз на лица со инвалидност, додека проектни партнери се Параолимпискиот комитет на Словенија, Параолимпискиот комитет на Србија, Параолимпискиот комитет на Црна Гора, Пингпонгарски сојуз на Австрија, Пингпонгарски сојуз на Италија, Организација за промоција на граѓанско општество ЕСНО – Загреб и Параолимпискиот комитет на Македонија.

На тркалезните маси се поканети: на првата која ќе се одржи на 16.03.2017 година релевантни засегнати страни од областа на граѓанските и спортски организации на лицата со инвалидност, и на втората која ќе се одржи на 27.03.2018 година институциите надлежни за донесување на одлуки. Во текот на дискусијата, учесниците ќе се обидат да ги идентификуваат најголемите проблеми за интеграција во општеството на лицата со инвалидност и вклучување на истите во спортско рекреативни активности. Ќе се донесат Заклучоци и препораки како со заеднички залагања и соработка меѓу невладиниот и владиниот сектор да се најдат решенија за наведените проблеми на локално, национално и меѓународно ниво.

Несебично го цениме и посакуваме Вашето присуство на тркалезната маса.

Со почит,

**Бранимир Јовановски**
Македонски параолимписки комитет

Изјава за одрекнување од одговорност: Оваа публикација ги отсликува исклучиво ставовите на авторот на публикацијата и Комисијата не може да се смета за одговорна во случај на употреба на информациите кои се содржат во истата.
Овој проект се кофинансира од дел средствата од игри на среќа преку Владата на РМ
Изјава за одрекнување од одговорност: Ставовите во оваа публикација се ставови на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет и не ги одразуваат ставовите на Владата на Република Македонија